СОЗДАВАМЕ ИДНИНА ЗАЕДНО
НАЦИОНАЛНА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА

Тематска анализа/дијагностика:

# Јавните финансии и фискална политика

## Извршно резиме

Значењето на фискалната политика. Внимателното управување со јавните финансии обезбедува макрофинансиска одржливост, непречено извршување на виталните функции на државата, како и ефикасно и успешно спроведување на стратешките владини приоритети. Преку подобрување на квалитетот и проширување на лепезата на јавните услуги, успешно спроведување на правилно одбраните инвестициски проекти и истовремено зачувување на фискалната одржливост, може да се реализираат долгорочните развојни приоритети. Во тој контекст, само онаа национална развојна стратегија, за чија реализација се издвоени задоволителни (речиси никогаш, доволни) буџетски средства и направени соодветни даночни реформи, може да овозможи инклузивен и одржлив просперитет и подигнување на квалитетот на живот на граѓаните.

Сопирачка или забрзувач? Фискалната политика може да биде и сопирачка, но и забрзувач на среднорочниот и долгорочниот раст. Доколку јавниот долг надмине ниво од 70% од БДП, кое во моментов се смета за сценарио на висок ризик, фискалната политика може да стане сопирачка за среднорочниот и долгорочниот економски раст. Токму од тие причини треба да се направи анализа на користите и трошоците од новите задолжувања. Особено важна е намената на новите задолжувања, односно да бидат насочени кон финансирање на инвестициски проекти во приоритетни области: дигитализација, зелена транзиција, зајакнување на човечкиот капитал, социјална кохезија и сл.

Зајакнување на буџетските приходи. Ниското ниво на фискално оптоварување, едно од најниските во европски рамки, остава мал фискален простор за финансирање на јавните потреби и за справување со идни кризи. Речиси без исклучок, сите релевантни меѓународни финансиски институции препорачуваат елиминирање или драстично кратење на даночните олеснувања и ослободувања, како и етапно менување на структурата на даночните приходи во насока на поголемо учество на директните даноци. Фискалниот простор е стеснет и поради недоволната наплата на предвидените приходи и недоволно ефикасната даночна администрација.

Неповолна структура на буџетските расходи. Трошоците за плати и надоместоци се карактеризираат со ниско ниво на просечна плата, голема компресија на платите меѓу одделни нивоа, и нерамномерно распределен број на вработени во јавен сектор. Рационализацијата на буџетските расходи е важен приоритет во следните 20 години. Според Вагнеровиот закон за континуирана експанзија на буџетските расходи, буџетските корисници, јавните претпријатија и институциите на национално и локално ниво тешко се откажуваат од стекнатите права за трошење. Особено загрижувачки процес е прекумерната институционализација. Создавањето институции со делумно или значајно преклопувачки надлежности, оправдувано под плаштот на потребата од европска интеграција и хармонизација со европското законодавство, одвлекува обемни буџетски ресурси од важните долгорочни развојни приоритети.

Потреба од поголем фискален простор.Во таа смисла, рационализацијата и реобмислувањето на јавниот сектор (преку интегрирање на институции или агенции) ќе ослободи значаен фискален простор за поддршка на долгорочниот економски развој. Исто така, тоа ќе го зголеми и нивото на дискрециони буџетски расходи за водење на поефикасна фискална политика на краток, среден и долг рок.

Главниот предизвик на фискалната политика во контекст на НРС произлегува од еден фундаментален расчекор. На едната страна се ниските буџетски приходи, како резултат на неолибералниот даночен систем и даночната евазија, самата плод на разнишаниот даночен морал и недоволниот капацитет на даночната администрација. На другата страна се неефикасните и пообемни буџетски расходи, во кои владините инвестиции се со ниско учество и под-реализирани, а корупцијата во јавните набавки и партиските вработувања сериозно ги нагризуваат виталните функции на државата. Надежта на многу досегашни влади беше дека позајмените средства и приливите од повремените приватизации ќе создадат позитивно мултипликативно дејство во економијата, при што забрзаниот раст ќе го намали овој фундаментален расчекор.

Визијата на граѓаните за оданочување на личниот доход. Граѓаните-учесници во дебатите во областа на јавните финансии и фискалната политика не постигнаа консензус околу прашањето на даночната политика кон личниот доход во смисла на задржување на рамниот данок или премин кон прогресивно оданочување. Сепак, се потенцира потребата за поправедно оданочување што ја поттикнува социјалната еднаквост, односно редуцирање на даночниот товар за посиромашните граѓани. Особено важно е дека граѓаните учесници повикуваат на *зголемена свест* за плаќање на даноци (и значително зајакнат*даночен морал*) како основа за обезбедување добри јавни услуги, санкционирање на даночната евазија и неформалната економија.

Визијата на граѓаните за јавниот долг.Повеќето учесници сметаат дека е потребно повнимателно управување со јавниот долг и негово намалување на среден и долг рок. Прашањето на долгот се доживува како меѓугенерациска несолидарност, при што идните генерации неоправдано се оптоваруваат со долгови направени од сегашните генерации. Можеби и очекувано, не постои консензус околу потребата да се воведе прогресивен данок. Доколку сепак постои потреба заради дополнителни приходи во буџетот, се препорачува прагот да биде поставен повисоко, односно да ги погодува само граѓаните со висок доход. Учесниците во голема мера сметаат и дека постои простор за рационализација на буџетските трошоци, односно да се внимава за кои намени се трошат јавните пари.

Фискална транспарентност. Генерално, фискалната транспарентност е значително подобрена во последните неколку години. И покрај тоа, некои анализи во контекст на НРС би наишле на недостиг на релевантни податоци. Фискалните податоци сè уште не се усогласени во целост со меѓународната методологија (Статистика на владини финансии на ММФ), а дефиницијата на јавниот долг сè уште не е целосно усогласена со методологијата на европскиот статистички сервис „Евростат“, која пак, ја користи Европската комисија и Делегацијата на ЕУ.

Политики втемелени на докази. Иако навидум одвлекуваат поголеми буџетски ресурси на краток рок, потребни се економски политики втемелени на докази и научни/експертски анализи на користите и трошоците од реализацијата на мнгу одлуки иинвестициски проекти во доменот на јавниот сектор. Во крајна линија, заштедите од правилно донесените политики втемелени на докази се повеќекратни на долг рок. Тие треба да се однесуваат и на вградените тековни програми кои со години се провлекуваат низ буџетот, без јасна слика за нивните долгорочни ефекти врз економијата.